| | |
|---|---|
| **НАСЛОВ НА АКТИВНОСТА** | **Изработка на навлаки за перници без шиење од стари маици**<br><br><br>***Извор:*** 00a3aa7b58c045667fee19a9087dae50.jpg (648×486) (pinimg.com) |
| **ЦЕЛИ НА АКТИВНОСТА** | • Да се поттикнат повозрасните лица да научат за концептот на креативно рециклирање и реупотреба на стара ткаенина, како и еколошките и одрживи придобивки што произлегуваат од тој концепт.<br>• Да се научи како креативно да се рециклира или реупотребува стара облека, маици, кошули, фустани, пешкири итн.<br>• Да се поттикне креативно размислување, имагинација и избор на дизајн кај повозрасните лица.<br>• Да се подобрат когнитивните и фини моторни вештини на повозрасните лица, меѓу другото и преку работа со мали парчиња ткаенина и обрнување внимание на деталите.<br>• Да се вдахне свеж воздух во секојдневната рутина на повозрасните лица.<br>• Да се поттикнат повозрасните лица да изработуваат нови и корисни предмети за домашна употреба преку реупотреба на стара ткаенина. |
| **МЕТОД(И) НА ОБУЧУВАЊЕ** | • Кратка воведна презентација за тоа што би можело да се направи од рециклирани и пренаменети вратоврски и како да се претворат во корисни предмети за домот.<br>• Бура на идеи и дискусија на оваа тема.<br>• Демонстрација на активноста „Направи сам/а“. |



Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union

| | |
|---|---|
| | • Самостојно учење и експериментирање.<br>• Учење базирано на видео (вклучувајќи и самоиницијативно гледање на видео-упатства ). |
| **ВРЕМЕ/ВРЕМЕТРАЕЊЕ** | • Од 2 до 3 часа, во зависност од нивото на вештина и искуството на учесниците. |
| **ГОЛЕМИНА НА ГРУПАТА** | • Вкупен број на учесници – од 10 до 12 лица, кои ќе работат во мали групи или поединечно.<br>• Мали групи од 3 до 4 учесници – за активностите за изработка и практичните активности. |
| **ПОДГОТОВКА (НА СРЕДИНАТА) И ПОТРЕБНИ АЛАТКИ** | Основни материјали и алатки:<br>• Стари маици<br>• Ножици<br>• Шаблони и/или крој со големина на перница<br>• Кројачки метар или линијар<br><br>Дополнителни материјали и алатки за декорација:<br>• Декоративни елементи, како што се тантела, панделки, атрактивни копчиња, реси или други апликации.<br>• Парчиња од други маици, фармерки, фустани, кошули или друга облека за правење „пачворк“ (дезен на крпеница). |
| **ОПИС** | Во денешно време, не се само помладите генерации оние кои имаат разновидни маички. Многу повозрасни лица исто така имаат памучни маици, бидејќи се удобни и лесни за одржување. Меѓутоа, порано или подоцна овие секојдневни алишта стануваат ветви, веќе не одговараат на стилот, или имаат дамки или оштетени делови, што ги прави бескорисни. Наместо да ги натрупуваат во плакарите и гардеробите, повозрасните лица лесно би можеле да ги пренаменат и трансформираат во корисни предмети за домот.<br><br>Оваа лесна активност е погодна за повозрасните лица кои се заинтересирани за проекти за рециклирање и пренамена (за почетници или за понапредни), имаат основни творечки вештини и сакаат да ја истражат својата креативна страна и да научат нови вештини.<br><br>***Неколку основни совети што треба да ги земете предвид пред да започнете со работа:***<br>• За една навлака за декоративно перниче, подобро е да изберете повеќе видови стара ткаенина со слична дебелина, еластичност и структура на ткаење. Ова ќе ви ја олесни работата и финалниот |



Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union

| | |
|---|---|
| | производ ќе изгледа повоедначено.<br>• Ако изберете да измешате стари маици и ткаенини со различни бои и дезени, финалниот производ дефинитивно ќе изгледа попривлечно и поуникатно.<br><br>**Чекор 1: Подгответе го работниот простор**<br>Погрижете се да имате доволно простор за да ги подготвите основните компоненти на навлаката за перница. Се препорачува да се користи соодветна маса за лесно да се спојат сите основни и дополнителни елементи.<br>Соберете ги сите потребни материјали и алатки кои ќе ви бидат потребни во процесот на производство.<br><br>**Чекор 2: Одлучете за големината и димензиите на вашата навлака за декоративно перниче и изберете ги старите маици што сакате да ги користите**<br>Воз основа на посакуваната големина и димензии на навлаката за перница ќе се утврди колку стари маици ќе ви требаат и кои делови од нив ќе ги користите за вашиот производ.<br><br>***Еве неколку совети кои треба да ги земете предвид за да ја изберете идеалната стара маичка за вашиот производ:***<br>• Размислете за големината на старата маичка во соодност со навлаката за перница што сакате да ја направите. Проверете да не има дамки, дупки или други оштетувања на ткаенината, што ќе ги направат одредени делови од маичката несоодветни за употреба.<br>• Изберете стара маичка со дезен или принт што ви се допаѓа и би сакале да го ставите на навлаката за перниче. Ако маичката има сентиментална вредност или за неа ве врзуваат посебни спомени, тоа може да ја направи навлаката за перница уште позначајна.<br>• Размислете за бојата на маичката и како таа се совпаѓа со ентериерот во вашиот дом. Доколку маичката е повеќебојна, можете да комбинирате различни бои и дезени во уникатни композиции.<br>• Обрнете внимание на текстурата на ткаенината. Некои маици може да имаат интересни текстури или дезени кои би можеле да додадат визуелна или тактилна привлечност на навлаката за перниче.<br>• Проверете дали ткаенината е малку растеглива, што може да го олесни врзувањето на јазлите или изработката на затворачи без шиење. |

Проект бр. 2022-1-BG01-KA220-ADU-00008516

Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исключиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union

**Чекор 3: Изработка на самата навлака за декоративно перниче**
Првата фаза од процесот е да ги пронајдете најголемите делови од старата маичка, без дамки, дупки и странични/долни шевови и да го поставите перничето врз нив.

Следната фаза е да исечете двата слоја ткаенина (т.е. предната и задната страна на маичката), оставајќи приближно 5-6 cm простор од перничето за подоцна да се направат страничните јазли. Ова ќе биде предната и задната страна на вашата навлака за декоративно перниче. Направете пресек под прав агол (приближно големина: 5x5 cm) на секој агол од парчињата ткаенина, за да ги формирате аглите на навлаката за перниче.

За да го подготвите затворачот без шиење користејќи јазли, исечете ленти долги 5 cm и широки 1 cm по сите четири страни на двете парчиња ткаенина, за да ги направите идните јазли.

***Совети како да ги направите јазлите:***

- Поставете ја перницата помеѓу двата слоја на претходно исечената стара ткаенина за маица.
- Започнете да го плетете затворачот од четирите агли, а потоа по сите страни: земете две ленти од секој од двата слоја и направете јазол.
- Повторувајте додека не ги споите сите ленти.

*За поголема разновидност, можете да применитеи други техники без шиење како плетење или врзување наместо да правите јазли. Учесниците можат да го изберат методот што го претпочитаат и соодветно да ја прилагодат должината на лентите.*

***Ако ви требаат насоки како да ги исечете старите маици и да ги направите јазлите, би можеле да ги препорачаме следните видеа од каде ќе можете да се инспририрате со идеи:***

- DIY No-Sew Braided Pillow Cover - YouTube
- DIY : No Sew Pillow Cover With Old T-Shirt - YouTube

*Сепак, ги охрабруваме повозрасните лица да експериментираат и да смислат сопствени начини како да направат јазли, плетенки или други техники за врзување на двете страни на навлаката за перница.*

Последната фаза е да ги проверите јазлите и да се осигурате дека тие се

Проект бр. 2022-1-BG01-KA220-ADU-00008516

Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union

| | |
|---|---|
| | цврсти. Ако сѐ е во ред, вметнете го перничето и убаво наместете го во навлаката за перница.<br><br>**Чекор 4: Украсете ја вашата навлака за декоративно перниче**<br>Овој чекор е по избор, но ако сакате да бидете креативни и да го персонализирате вашиот пренаменет производ, можете да додадете тантела, панделки, атрактивни копчиња, реси или други апликации на навлаката за перниче.<br><br>Ако сте поумешни, можете дури и да пробате да навезете некои поедноставни или покомплицирани шаблони или да пришиете парчиња од друга облека за да добиете „пачворк“ изглед. На овој начин, можете да ја направите навлаката за перница уште полична и поуникатна.<br><br>**Чекор 5: Уживајте во користењето на вашата новоизработена навлака за декоративно перниче**<br>Ставете ја вашата ново украсена перница на каучот, креветот или фотелјата. Изгледаат пошарено и поубаво, нели?<br>Поканете ги вашите пријатели и членови на семејството да уживаат во вашиот новоизработен декоративен предмет направен од стари маици. |
| **МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ ПРЕДЛОЗИ ЗА КОРИСТЕЊЕ** | • Изработката на различни навлаки за перници од стари маици и друга стара облека може да донесе нови шарени, рачно изработени предмети во секое домаќинство. Со нив повозрасните лица можеа да ги освежат своите соби без дополнителни трошоци по нивниот буџет.<br>• Имајте на ум дека правењето јазли може да бара одредено ниво на пракса и прилично добри фини моторни вештини за да ги направите јазлите подеднакво затегнати. Значи, ако вашите први јазли не се толку уредни, не се откажувајте. Продолжете да се обидувате! Со малку напор и вежба ќе ги подобрите своите вештини.<br>• Некои видови ткаенини за маици може да бидат прилично еластични. Така, кога избирате кои стари маици да ги користите, прво проверете дали се растегливи и уверете се дека имаат слично ниво на еластичност. |
| **СОВЕТИ за понатамошно читање и гледање** | Некои идеи може да се преземат од овие едноставни упатства:<br>• Навлака за декоративно перниче со плетенка без шиење - YouTube<br>• Направете сами: Без шиење навлака за декоративно перниче со стара маичка - YouTube<br>• 20 НАЧИНИ ДА ДАДЕТЕ НОВ ЖИВОТ НА СТАРАТА ОБЛЕКА - |



Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union

| | |
|---|---|
| | YouTube(11:40)<br>• 15 кул работи што треба да ги направите од старите маици - YouTube(0:45) |
| **НИВОА И РАЗНОВИДНОСТ** | Работата со некои видови трикотажа може да бара одредено прелиминарно искуство и одредено ниво на умешност за да се исечат еднакви парчиња ткаенина. На овој начин, можеби ќе бидат потребни повисоко ниво на умешност и прилично добри фини моторни вештини за подготовка на финалниот производ.<br><br>Ако сакате да се обидете да ги преточите старите маички во други многу корисни домашни предмети, можете да се обидете да направите подобрена торба за пазарење. Еве неколку идеи за тоа како да го направите тоа:<br>• 15 кул работи што треба да ги направите од старите маици- YouTube<br>• 36 ПАМЕТНИ ИДЕИ ЗА ПОВТОРНО УПОТРЕБУВАЊЕ СТАРИ НЕШТА - YouTube(12:00 часот) |



Финансиски поддржано од Европската Унија. И покрај тоа, искажаните ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА/EACEA не може да се сметаат за одговорни за искажаното

Co-funded by the European Union